*АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА НА АДВОКАТ ГРОЗДАНЧО СУТИНОВ*
*ул.ЦАР САМОИЛ бр.8 од ВЕЛЕС*
*тел.070/806-049 , 071/306-049 и 043/223-106*
*сметка број 240290001014295 даночен број 5004005114733*
*депонент Универзална Инвестициона банка АД Скопје*
*е-маил: adv_sutinov@t-home.mk*

*До:*
*Агенција за вработување на Р.М*
*Скопје*
*-за директор*

# *Б А Р А Њ Е.*

Од Здружение на приватни лекари на РМ ул.Народен Фронт бр.21 од Скопје со ЕМБС 5149541, преку полномошник Адвокат Грозданчо Сутинов од Велес ул.Цар Самоил бр.8 Велес;

Имајќи ги во предвид досегашните постапувања на Агенцијата за вработување на Р.М Скопје преку нивните центри низ територијата на Р.М за одјавувањето од вработувањето на лицата вработени како лекари во Приватните Здравствени Установи кој остваруваат право на старосна или инвалидска пензија да тие лица како вработени бидат одјавувани од работниот однос во Агенцијата сметано од денот на ликвидацијата на ПЗУ во Централниот Регистар на Р.М ,а не сметано од денот кога на лекарот му престанува издадената лиценца за вршење на дејност од Министерството за здравство на Р.М по издадено решение од страна на Министерсвото , па поради тоа со таквото дејствие на Агенцијата за вработување на Р.М се причинува штета на вработените лекари кој теба да се пензионираат.

Бидејќи Министертвото за здравство со кое му се одзема лицената и за престанок на работа го издава решението на лекарот кој треба се пензионира со наполнување на 64 години старост за маж или 62 години за жена ,а Агенцијата за вработување на Р.М го одјавува сметано од денот кога ова лице-лекар ја ликвидирало својата ПЗУ што е најчесто 3-4 месеци па и повеќе сметано од кога ова лице му е издадено решение со ваквото

постапување на Агенцијата за вработување на Р.М преку своите подрачни единици низ Р.М предизвикува штета на лицата лекари кој остваруваат право на пензија бидејќи истите не можат да го остварат правото на пензија во тие 3-4 месеци се до ликвидирањето на ПЗУ, и имаат обврска да плаќаат за придонеси за ПИОМ за тие месеци ,а не извршуваат дејност со што директно се причинува штета на овие лица кој треба да го остварат правото на пензија како лекари ,а не можат па поради тоа:

Со ова барање, Здружението на приватни лекари на РМ од Скопје бара од Вас, Агенција за вработување на Р.М Скопје да:

-На лицата вработени во Приватните здравствени Установи или другите облици основани согласно законот за здравствена заштита, кои оствариле право на старосна пензија да бидат одјавувани како невработени лица во Агенцијата за вработување на Р.М сметано од денот на издавањето на решението на Министерството за здравство со кое се утврдува дека поради исполнување на години старост им се одзема дозволата-лицентата за вршење на десност односно сметано од денот кога овие наполниле 64 години старост за маж иои 62 старост за жена, а не од денот кога е донесено решение за ликвидација на друштвото пред се поради фактот како што кажав дека за периодот од донесувањето на решението од Министерството за здравство, па се до денот кога е донесено решението за ликвидација на друштвото од истите тие лица е побарано да се исплатат придонеси за тој период, а тие лица не се во никаков работен однос и не можат да извршуваат дејност за да истото биде основано, а придонесите да бидат плаќани .

Доколку Агенцијата за вработување на Р.М не ги одстрани овие недоследности во своето работење во најитен рок сметано од 8 дена од приемот на ова барање до надлежниот Управен Државен инспекторат ќе биде поднесена преставка со барање за спроведување на инспекциски надзор врз вашето работење токму во погоре опишаниот дел кое се коси со позитивните законски прописи во тој дел за да управниот инспекторат изврши контрола на вашето работење да се утврдат незаконитостите ваши при постапувањето со ваков тип на предмети и во соглаосност на констатираното ве поведеме И иницираме соодветни постапки заради заштита на правбата на овие лица пред надлежните државни органи.

Прилог: Уредно полномошно ;

Датум:
24.10.2014 година

Полномошник:
Адвокат Грозданчо Сутинов

АДВОКАТ
Грозданчо Сутинов
ул. Цар Самоил бр. 8
Велес моб. 070/606-049